Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 а во врска со член 83 став (2) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025), и во согласност со Спогодбата за намалување на цената на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан потпишана на 04.04.2019 година помеѓу министерствата одговорни за областа на електронски комуникации: Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово (во понатамошниот текст само Спогодба), директорот на Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст само Агенција) на ден 06.07.2026 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на максималните цени на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи

I

На операторите кои поседуваат јавни мобилни комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни мобилни комуникациски услуги во Република Северна Македонија им се утврдуваат следните услови и максимални цени на услугите кои ги нудат во роаминг:

**а) Максимални малопродажни цени на роаминг услугите во регионот на Западен Балкан (без ДДВ)**

1. Од 1 јули 2021 година, операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи во Република Северна Македонија за роаминг услуги не можат да применуваат дополнителни надоместоци на домашните малопродажни цени за обезбедување на регулирани малопродажни услуги во роаминг.
2. Операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи во Република Северна Македонија за роаминг услуги може да применуваат политики за фер користење во однос на трошењето на регулираните малопродажни услуги во роаминг со еднакви цени на домашните малопродажни цени со цел да се заштитат од злоупотреби и невообичаена употреба на регулираните малопродажни услуги во роаминг, во согласност со Правилникот со кој се пропишува начинот на процена на економската неисплатливост и неодржливост во работата на операторите од обезбедување на роаминг услугите, начинот на поднесување на барање за зголемување на цените на малопродажните роаминг услуги, како и политиките за фер употреба" (во понатамошниот текст: Правилник за фер употреба)".
3. Во специфични и исклучителни околности, во насока на обезбедување на одржливост на домашниот малопродажен модел на наплата, доколку операторот кој што ги обезбедува регулирани малопродажни услуги во роаминг не може да ги поврати вкупните реални и проектирани трошоци од обезбедување на регулираните роаминг услуги согласно точка I, потточка а), параграф 1 и 2 од оваа Одлука, од вкупните реални и проектирани приходи од

обезбедувањето на овие услуги, тогаш операторот може да побара од Агенцијата одобрување за наметнување на дополнителен надоместок на регулирани малопродажни услуги во роаминг. Тој дополнителен надоместок треба да се применува само до оној степен кој е неопходен за да се повратат трошоците од обезбедувањето на регулираните малопродажни услуги во роаминг, земајќи ги во предвид применливите максимални големопродажни надоместоци согласно точка 1 подточка б) на оваа Одлука.

4. Поднесувањето на барањето за примена на дополнителен надоместок на регулираните малопродажни роаминг услуги, роковите и содржината на истото како и примена и методологија за процена на одржливоста на укинувањето на малопродажните надоместоци за роамингот се пропишани во "Правилникот за фер употреба".
5. Доколку за оној сообраќај кој што го надминува лимитот дефиниран согласно политиките за фер употреба дефинирани согласно "Правилникот за фер употреба" операторот применува дополнителни надоместоци на домашните малопродажни цени за обезбедување на регулирани малопродажни услуги во роаминг, тогаш операторот треба да се придржува кон следното (без ДДВ):
   - Дополнителниот надоместок за регулираните појдовни повици, појдовни смс пораки и услуги за пренос на податоци во роаминг не смее да го надминува големопродажните цени на регулирани роаминг услуги во регионот на Западен Балкан точка I, подточка б), параграф 1 на оваа Одлука,
   - Збирот на домашната малопродажна цена и дополнителниот надоместок кој што се наметнува на регулираните појдовни повици, појдовни смс пораки и услуги за пренос на податоци во роаминг не смее да надмине 0,19 Евра/минута, 0,06 Евра/СМС и 0,18 Евра/МБ соодветно,
   - Дополнителниот надоместокот за регулираните дојдовни повици во роаминг не смее да ја надминува максималната големопродажна цена за завршување на повик во мобилни мрежи на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во регионот на Западен Балкан, согласно точка I, подточка в), параграф 1 на оваа Одлука.
6. Операторите нема да применуваат никакви дополнителни надоместоци за дојдовните регулирани СМС пораки во роаминг или за дојдовни пораки за говорна пошта во роаминг. Ова не се однесува за надоместоците на другите услуги, како што се оние за преслушување на таквите пораки.
7. Наплатата на дополнителниот надоместок за регулираните појдовни или дојдовни повици во роаминг треба да бидат по секунда. Операторот може да примени почетен минимален период на наплата кој не надминува 30 секунди за регулирани појдовни повици во роаминг. Наплатата на дополнителниот надоместок за регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг треба да биде на основа на килобајт, освен за ММС пораки каде основата за наплата може да биде по единица. Во таков случај надоместокот кој што операторот може да го наплати од претплатникот за пренос или прием на ММС порака во роаминг не треба да ја надмине максималната регулирана малопродажна цена за пренос на податоци.

8. Роаминг корисниците не треба да бидат исклучени од можноста да ги користат понудите на операторите каде што за дневни или фиксни периодични надоместоци се вклучени одреден волумен на регулирани услуги во роаминг под услов при целосен потрошен волумен на овие понуди единечната цена за направени регулирани повици, испратени СМС пораки и услуги за пренос на податоци во роаминг да не ја надминуваат соодветната домашна малопродажна цена и максималниот дополнителен надоместок како што е утврдено во параграф 5 алинеја 2 на оваа подточка.
9. Операторите може да понудат, а претплатниците да прифатат цени за роаминг услуги различни од оние на регулираните малопродажни роаминг услуги дефинирани во точка I, потточка а), параграф 1, 2 и 3 од оваа Одлука. Во овој случај операторот треба да го информира претплатникот за предностите од користењето на овие цени за роаминг услугите како и можностите кои што нема да ги искористи доколку би користел роаминг услуги по регулирани цени.

   Операторите треба да ги применат цените на регулираните малопродажни роаминг услуги дефинирани во точка I, подточка а), параграф 1, 2 и 3 од оваа Одлука на сите постојни и нови претплатници.

   Претплатникот во секое време може да побара да се префрли помеѓу различни цени на регулираните роаминг услуги, оние дефинирани во точка I, потточка а), параграф 1, 2 и 3 и оние дефинирани во првиот подпараграф на овој параграф од оваа Одлука. Операторот треба да го направи ваквото префрлање за еден работен ден од приемот на барањето на претплатникот, без надоместок и не треба да предизвика никакви условувања или ограничувања на другите елементи од претплатата освен во делот на роамингот. Претплатникот има право да прави префрлање помеѓу различни цени за регулираните роаминг услуги најмногу еднаш во два месеци.
10. За регулираните повици во роаминг нема да се наплаќа надоместок за воспоставување на повик. Ако постои надоместок за воспоставување на повик во домашните малопродажни тарифи, овој надоместок нема да се наплаќа во регулираните малопродажни цени во роаминг.

**б) Максимални просечни големопродажни цени на регулирани роаминг услуги во регионот на Западен Балкан (без ДДВ)**

1. Од 1 јули 2021 година, максималната просечна големопродажна цена за регулирани услуги во роаминг, која операторот може да ја наплати, е дадена во Табела 1. (без ДДВ).

**Табела 1**

| Услуга | цена (01.07.2021-31.12.2021) | цена (01.01.2022-31.12.2022) | цена (01.01.2023-31.12.2023) | цена (01.01.2024-31.12.2024) | цена (01.01.2025-31.12.2025) | цена (01.01.2026-натаму) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регулиран појдовен повик во роаминг** | 0,032 €/min | | | | | |
| **Регулирана појдовна СМС** | 0,01 €/SMS | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **порака во роаминг** | | | | | | |
| **Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг** | 0,0077 €/MB | 0,006 €/MB | 0,0045 €/MB | 0,0035 €/MB | 0,003 €/MB | 0,0025 €/MB |

2. Просечните големопродажни цени се применуваат помеѓу два оператори и се пресметуваат за период од 12 месеци или кој било пократок период што може да остане пред истекот на периодот на примена на максималната просечна големопродажна цена.
3. Максималната просечна големопродажна цена треба во себе да ги вклучуваат трошоците за започнување, транзитирање и завршување на повик. Просечната големопродажна цена за повици се пресметува преку делење на вкупниот големопродажен приход од регулирани повици во роаминг со вкупниот број на големопродажни повици во роаминг изразени во минути кои се навистина искористени за обезбедување на големопродажни повици во роаминг во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, агрегирани по секунда и прилагодени така што ќе се земе во предвид можноста за примена на почетен минимален период на наплата кој не може да биде подолг од 30 секунди.
4. Просечна големопродажна цена за СМС-пораки се пресметува со делење на вкупниот големопродажен приход од започнати и пренесени регулирани СМС пораки во роаминг во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, со вкупниот број на СМС пораки започнати и пренесени во истиот период.
5. Операторот нема да наплатува големопродажен надоместок за завршување на регулирани СМС пораки во роаминг кои што се започнати во рамките на земјите потписнички на Спогодбата.
6. Просечната големопродажна цена за пренос на податоци се пресметува со делење на вкупниот големопродажен приход од обезбедување на регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг со вкупната количина на податоци изразени во мегабајти кои се навистина искористени за обезбедување на оваа услуга во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, агрегирани по килобајти.

**в) Максимална големопродажни цени за завршување на повик во мобилни мрежи на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во регионот на Западен Балкан (без ДДВ)**

1. Од 1 јули 2021 година, максималната големопродажна цена на услуги за завршување на повик во мобилните мрежи за регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во рамките на земјите потписнички на Спогодбата се дадени во Табела 2. (без ДДВ).

**Табела 2**

| услуга | цена (01.07.2021 - натаму) |
|---|---|
| **Завршување на повик во мобилни мрежи** | 0,016 €/min |

2. Цените за завршување на повик во мобилните мрежи за регулирани роаминг повици се пресметуваат преку делење на вкупниот големопродажен приход од завршување на повик во мобилни мрежи со вкупниот број минути на завршени повици во мобилна мрежа кои се навистина искористени за обезбедување на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, агрегирани по секунда.

II

Цените за малопродажните услуги во роаминг утврдени со оваа одлука изразени во денари без ДДВ ќе се пресметуваат по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија објавен на 01-ви јуни во тековната година.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија " и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

**Образложение**

Во член 83 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025) е предвидено дека Агенцијата има право на операторите кои поседуваат јавни мобилни комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни мобилни комуникациски услуги да им утврди максимални цени на услугите кои ги нудат во роаминг на корисниците од земјите со кои Република Северна Македонија има склучено спогодба, меморандум, договор или протокол за намалување на цените на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи, на реципрочна основа, кои не можат да бидат повисоки од цените на истите услуги кои важат помеѓу земјите членки на Европската Унија. Во истиот член е предвидено дека Агенцијата има право на операторите кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски услуги да им утврди максимални цени на големопродажните услуги за завршување на меѓународни повици од земјите со кои Република Северна Македонија има склучена спогодба, меморандум, договор или протокол за истото, на реципрочна основа.

Спогодбата за намалување на цената на роаминг услуги во јавни мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан е склучена на 04.04.2019 година во Белград меѓу министерствата

одговорни за областа на електронските комуникации: на Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово.

Во согласност со член 4 од Спогодбата, регулаторни тела за електронски комуникации во регионот на Западен Балкан ќе бидат одговорни за спроведување на одредбите од истата Спогодба, вклучувајќи ги и регулирањето на цените за завршување на повик во мобилни мрежи на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во регионот на Западен Балкан.

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеја (3) и член 83 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025) а во согласност со Спогодбата за намалување на цената на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан потпишана на 04.04.2019 година помеѓу министерствата одговорни за областа на електронски комуникации: Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе тужба до Управниот Суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

Раководител на Одделение за Анализа на пазарите :
Александар Коцевски

Раководител на Одделение за определување на регулаторни обврски :
Васка Петровиќ

Раководител на Сектор за регулатива:
Кристина Божиновска

Директор
Nusret Hafti

Изработено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: 1308-1486/1
Скопје, 06.07.2026 година